## Државата за народот

# ГЛ
# ★С
# АМ

**ЛЕВИЦА** **4**

# Левица во парламент

**1.** Поништување на т.н. **Преспански договор** и носење нов граѓански Устав, преку укинување на *Охридскиот рамковен договор* како извор на трибалистичкиот карактер на нашиот политички систем + кривичен прогон против сите учесници во илегалната и шверцерска промена на уставното име Република Македонија.

**2. Поништување на двојазичноста,** како резултат на октроираната т.н. Тиранска платформа, и враќање на јазичните права на малцинствата во рамки на Уставот.

**3.** Укинување на принципот на позитивна дискриминација по етнички клуч и воведување т.н. **социјална позитивна дискриминација** при вработување во јавниот сектор (пр. предност на огласите да имаат децата на стечајците, сиромашните, децата без родители, децата од социјално загрозени семејства и сл.).

**4. Десоросоидизација на граѓанскиот сектор** во Македонија, преку санкционирање на ширењето политичка пропаганда платена со странски пари, а спроведена преку домашни „тинк-тенкови" и невладини организации.

**5.** Укинување на државната матура и враќање на приемните испити на факултетите + воведување на целосно **бесплатно високо образование** за студентите.

**6. Укинување на патарините** и воведување систем на вињетки.

**7. Укинување на извршителите** и воведување специјални судии-извршители, со цел спречување на грабежот на граѓаните при постапката на присилно извршување.

**8.** Укинување на **агенциите за приватно обезбедување,** како паравоени формации, и формирање посебна државна *Управа за обезбедување јавни објекти и институции,* во рамките на МВР.

**9.** Воведување систем на **надворешна контрола на МВР,** во склоп на Народниот правобранител, при пречекорување на службените овластувања од страна на полицијата.

**10.** Носење **Закон за потекло на имот** на политичарите + незастарување на кривичните дела поврзани со т.н. *економски криминал и корупција* извршени од страна на јавните функционери.

**11.** Воведување **максимални каматни стапки** кои банките можат да ги наплаќаат од граѓаните (максимум 3% камата) + укинување на банкарските трошоци и провизии.

**12.** Воведување прогресивен **данок на луксуз** за богаташите, кој ќе се плаќа на вкупното нето-богатство во посед на капиталистите!

**13.** Формирање Институт за канабис на Земјоделскиот факултет во Скопје + носење специјален **закон за канабис** (lex canabis) кој детално ќе ги пропише условите за негово одгледување, трговија и употреба во комерцијални, индустриски, медицински и рекреативни цели.

**14.** Воведување на строги превентивни **антинепотистички мерки** за заштита од фамилијарното влијание во правосудството (оневозможување блиски роднини да вршат различни улоги во рамки на едно исто апелационо подрачје).

**15.** Намалување на **работното време** од осум на шест часа дневно + намалување на **старосната граница** за одење во пензија: возраст од 60 години за жени и 62 – за мажи.

ЛЕВИЦА 4

levica.mk PartijaLevica @levica_partija Левица levica_partija